**20241462557**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 21 став (4) од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.74/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КИЛОГРАМ ВИНСКО ГРОЗЈЕ НА ОПРЕДЕЛЕНА ПОВРШИНА И СООДВЕТЕН КВАЛИТЕТ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со оваа методологија се пропишува пресметката на трошоците за производство на килограм винско грозје на определена површина и соодветен квалитет.

Член 2
**Трошоци за производство**

Пресметката на трошоците за производство за утврдување на производната цена на килограм винско грозје се прави на годишно ниво, за тековната година, за најмалку две или повеќе препорачани и одобрени сорти на винско грозје кои заедно се застапени на најмалку 51% од површините под лозови насади со винско грозје согласно податоците од Националниот регистар на лозови насади.

Член 3
**Одредување на статистички репрезентативен примерок**

(1) Потребните податоци за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје се прибираат со анкета, која се спроведува еднаш годишно, врз основа на статистички репрезентативен примерок на производители на најзастапени сорти на винско грозје (во натамошниот текст: примерокот).

(2) При одредување на големината и изборот на примерокот, покрај статистичкиот пристап за репрезентативност и големина на примерокот, во предвид се зема и следното:

- производителот да е запишан во Националниот регистар на лозови насади и да произведува најмалку една од најзастапените сорти на винско грозје;
- да се обезбеди репрезентативна регионална покриеност во осумте плански региони и соодветна регионална застапеност на производителите на винско грозје во примерокот;
- старосната структура на лозовите насади и
- начинот на одгледување (одрина, шпалир, чокот и друго).

(3) Производителите кои ќе бидат во примерокот и опфатени со анкетата се избираат по пат на случаен избор.

(4) Учеството на производителите во анкетата е доброволно и анонимно, а личните податоци треба да се користат само за потребите за спроведување на анкетата и истите се заштитени согласно Законот за заштита на личните податоци.

(5) Кога избраниот примерок не сака да учествува и да ги даде потребните податоци, истиот се заменува со случаен избор на друг примерок.

Член 4
**Спроведување на анкетата и собирање на податоците**

(1) Податоците се прибираат по пат на анкета и пополнување на прашалник.

(2) За примероците кои се правни субјекти или водат сметководствена евиденција согласно прописите од областа на финансиското работење, како основа за прибирање на податоците и пресметка на трошоците за производство се користат податоците од оваа евиденција.

(3) Со анкетата се прибираат податоци за сите трошоци кои директно се однесуваат на производството на најзастапените сорти на винско грозје, вклучително и податоци за производната површина, приносот и основните средства кои се користат во производството.

(4) За трошоците од ставот (3) на овој член се прибираат информации за количината, единечна мерка, единечна цена и вкупен трошок.

Член 5
**Пресметка на производните трошоци**

(1) За пресметка на вкупните трошоци за производство на најзастапени сорти на винско грозје се користи аналитичката калкулација.

(2) Податоците за трошоците кои истовремено се заеднички за повеќе сорти на грозје или повеќе производи, треба да се користат за пресметување на секоја сорта на винско грозје поединечно.

(3) Вкупните трошоци за производство претставуваат основа за пресметка на производната цена по примерок и производната цена на винско грозје за тековната година, како и трошоците на производство на единица површина (хектар).

Член 6
**Пресметка на производна цена на винско грозје по примерок**

(1) Производната цена на винско грозје по примерок е просечниот трошок за производство на единица производ и претставува минимална продажна цена на единица производ која овозможува покривање на сите трошоци за производство на истото и работа без загуби, но и без профит (во натамошниот текст: производната цена по примерок).

(2) Пресметката на производната цена по примерок, изразена во денари/kg винско грозје, се прави врз основа на вкупните трошоци за производство и очекуваните (планираните) трошоци кои ќе се направат до продажбата, како и очекуваниот (планираниот) принос во тековната година.

(3) Производната цена на винско грозје на секој примерок се пресметува на следниот начин:

$$ПЦ = \frac{ВТП}{П}$$, каде што:

ПЦ – Производна цена на одредена сорта винско грозје (денари/kg)
ВТП – Вкупни трошоци за производство на сортата винско грозје (денари)
П – Принос на винско грозје од утврдената сорта (kg).

Член 7
**Пресметка на производната цена на винско грозје за тековната година**

Пресметката на производната цена на винско грозје за тековната година се прави преку пондерирање на производните цени по примерок од член 6 од оваа методологија, на следниот начин:

$$ППЦ = \frac{\sum_{k=0}^{n} \binom{n}{k} пц_k * п_k}{\sum_{k=0}^{n} \binom{n}{k} п_k}$$, каде што:

ППЦ – пондерирана производна цена на винско грозје за тековната година (денари/kg)
n – број на примерокот (производители од кои се собрани податоци)
ПЦ–производна цена по примерок (денари/kg)
$П_k$ – поединечно произведена количина по примерок.

Член 8
**Вкупни трошоци за производство на најзастапени сорти на винското грозје**

(1) Пресметката на вкупните трошоци за производство на најзастапени сорти на винско грозје од член 6 став (2) од оваа методологија, претставува збир од варијабилните и фиксните трошоци и се пресметува на следниот начин:

ВТП = ВТ + ФТ, каде што:

ВТ– Варијабилни трошоци (денари)
ФТ – Фиксни трошоци (денари).

(2) Пресметката од ставот (1) на овој член треба да се однесува само на трошоците за производство направени за двете најзастапените сорти на винско грозје.

Член 9
**Варијабилни трошоци**

(1) Варијабилни трошоци се трошоци чиј обем се менува согласно промената на обемот на производство, истите можат да се сметаат како директни трошоци за производство на одредена линија на производство (одреден производ) и треба да бидат пресметани на ниво на најзастапените сорти на винско грозје.

(2) Варијабилните трошоци, кои се собираат со анкетата од член 3 став (1) од оваа методологија и кои се користат за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје, се однесуваат на трошоците кои се направени за производство на одредената сорта винско грозје и истите се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа методологија.

(3) Трошоците за работна сила како дел од варијабилните трошоци од ставот (2) на овој член се изразуваат по работна операција. За семејната (неплатената) работна сила се доставуваат податоци за количина, единечна мерка, единечна цена и вкупен трошок, каде единечната цена се пресметува како просек од единечната цена на најмената работна сила за соодветната работна операција или доколку нема најмена работна сила, како просек од единечната цена на најмената работна сила која е тековна во поблиската околина, општина или регион.

Член 10
**Фиксни трошоци**

(1) Фиксни трошоци се трошоци чиј обем не се менува со промената на обемот на производство, се однесуваат на целокупното производство, истите се индиректни трошоци за производство и не се директно поврзани со производството на одредена линија на производство (одреден производ), односно одредена сорта винско грозје.

(2) Фиксните (индиректните) трошоци за производство на одредена сорта винско грозје се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа методологија.

(3) Фиксните трошоци се утврдуваат според учеството на директните варијабилни трошоци за одредената сорта винско грозје во вкупните варијабилни трошоци на целото производство и се пресметува на следниот начин:

ФТ (лп) = ФТ (вк) x ВТ (лп) / ВТ (вк), каде што:

ФТ (лп) – фиксни трошоци за линија на производство на одредената сорта винско грозје (денари)

ФТ (вк) – вкупни фиксни трошоци за целото производство (денари)

ВТ (лп) – варијабилни трошоци за линија на производство на одредената сорта винско грозје (денари)

ВТ (вк) – вкупни варијабилни трошоци за целото производство (денари).

(4) Фиксните трошоци кои се директни трошоци на производството и се прават само за одредената сорта винско грозје, може да се однесуваат на таа сорта и да имаат поголемо учество во утврдувањето на вкупните фиксни трошоци според ставот (3) на овој член.

(5) Во случај кога учеството на фиксните трошоци во вкупните трошоци за производство е поголемо од утврдените трошоци во ставот (3) на овој член, во анкетата од член 3 став (1) од оваа методологија треба да се даде објаснување.

Член 11
**Трошоци за амортизација на основните средства**

(1) Трошоците за амортизација на основните средства од член 10 став (2) од оваа методологија се пресметува на годишно ниво согласно прописот за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства, при што се применува:

- амортизација на сопствените основни средства, исклучувајќи го земјиштето и
- амортизација на бесплатно добиените основни средства.

(2) Трошоците за амортизација на основните средства се пресметуваат на следниот начин:

А = МПВ x ГАС, каде што:

А – Вредност на годишната амортизацијата (денари)
МПВ – Моментална пазарна вредност на основното средство (денари)
ГАС – Годишна амортизациона стапка (во % или ГАС = 1 ÷ години на користење на основното средство).

(3) За пресметка на трошоците за амортизацијата на основните средства кај производителите кои не водат сметководствена евиденција се користи праволинискиот метод врз основа на моменталната пазарна вредност на средството и рокот на употреба на средството.

Член 12
**Вредност и амортизација на лозовиот насад**

(1) Вредноста на лозовиот насад, како основно средство, се користи за пресметка на годишните трошоци за амортизација на истиот.

(2) Како вредност на насадот и трошоците за амортизација на истиот кај производителите кои водат сметководствена евиденција се зема вредноста која е заведена во Книгата на основни средства, како и во Билансот на состојба.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, кај производителите кои не водат сметководствена евиденција, вредноста на лозовиот насад се утврдува врз основа на трошоците направени за подигање и годишните трошоци за одржување на истиот. Периодот на (подигање) инвестирање е до моментот додека годишните приходи не ги надминат годишните трошоци за одржување на лозовиот насад и истиот се утврдува на период од три години.

(4) Вредноста на лозовиот насад се пресметува на следниот начин:

$$ВН = ТПО_{1\,година} + \sum_{k=1}^{n=3} \binom{n}{k} ТО - \sum_{k=2}^{n=3} \binom{n}{k} ПР$$, каде што:

ВН – Вредност на насадот (денари)
$ТПО_{1\,година}$ - Трошоци за подигање на насадот во првата година (денари)
ТО – Трошоци за одржување на насадот во тековната година (денари)
ПР – Приходи од принос од насадотот во тековната година (денари).

Член 13
**Завршна одредба**

Оваа методологија влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-5211/5
12 јули 2024 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**Варијабилни трошоци кои се собираат со анкета и кои се користат за пресметка на трошоците за производство на килограм винско грозје**

**ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР**

- Трошоци за суровини и материјали за производство, разграничени на:
- Трошоци за ѓубрива
- Трошоци за заштитни средства
- Трошоци за помошен материјал за врзување и друго
- Трошоци за енергија за производство
- Нафта за погонски машини за изведување на работните операции
- Нафта за транспортни машини
- Други енергенси
- Трошоци за амбалажа
- Тип на амбалажа

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ**

- Транспортни услуги
- Транспорт на материјали за производство (разграничен по тип на материјал или вкупно)
- Транспорт на готово производ
- Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги
- Основна обработка
- Заштита
- Ѓубрење
- Други машински услуги (машинско кроење, дефолијација, берба и друго)

**ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**

- Плата и надоместоци на плата - бруто (за производство)
- Постојано вработени кои директно и во целост работат на производството на сортата винско грозје, разграничени по работни операции
- Наемни работници, разграничени по работни операции
- Семејна (неплатена) работна сила, разграничени по работни операции

**ОСТАНАТИ РАСХОДИ**

- Кусоци, кало, растур, расипување и кршење
- Расходи за дополнително одобрени попусти, рабат, рекламации и дадени примероци
- Казни, пенали, надоместоци за штети и друго

**ПРИЛОГ 2**

**Фиксни (индиректни) трошоци за производство на одредена сорта винско грозје**

**ТРОШОЦИ И РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

**ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР**

- Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба)
- Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба)
- Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за производство)
- Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администрација, управа и продажба)
- Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство)
- Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, управа и продажба)
- Отстапувања од стандардните (плански) цени

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ**

- Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет
- Услуги за одржување и заштита
- Наем - лизинг
- Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми
- Комунални услуги
- Трошоци за истражување и развој
- Останати услуги

**ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**

- Плата и надоместоци на плата - бруто (за администрација, управа и продажба)
- Останати трошоци за вработените

**ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА И РЕЗЕРВИРАЊА**

- Трошоци за амортизација (за производство)
- Трошоци за амортизација на биолошки средства
- Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба)
- Долгорочни резервирања за трошоци за обновување на природни богатства
- Долгорочни резервирања за користи на вработените
- Долгорочни резервирања на трошоци за преструктуирање
- Долгорочни резервирања за гарантен рок
- Долгорочни резервирања за кауции и депозити
- Останати долгорочни резервирања за трошоци и ризици

**ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

- Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци
- Надоместоци на трошоци на вработените и подароци
- Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители
- Трошоци за спонзорства и донации
- Трошоци за репрезентација
- Трошоци за осигурување
- Банкарски услуги и трошоци за платен промет
- Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки
- Трошоци за користење на права (освен наем)
- Останати трошоци на работењето

**ОСТАНАТИ РАСХОДИ**

- Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематеријални и материјални средства
- Загуби врз основа на расходување и загуба од продажба на биолошки средства
- Загуби врз основа на продажба на учество во капитал и хартии од вредност
- Загуба од продажба на материјали
- Расходи врз основа на ефекти од договорени заштити од ризици, кои не ги исполнуваат условите да се искажат во рамките на ревалоризационите резерви
- Казни, пенали, надоместоци за штети и друго
- Останати расходи од работењето

**ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ**

- Расходи врз основа на камати од работењето со поврзани друштва
- Расходи врз основа на курсни разлики од работењето со поврзани друштва
- Останати финансиски расходи од поврзани друштва
- Расходи врз основа на камати од работењето со неповрзани друштва
- Расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето со неповрзани друштва
- Вредносно усогласување (обезвреднување) на долгорочни финансиски средства и хартии од вредност расположиви за продажба
- Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства
- Останати финансиски расходи